Изградба на пристапен пат до регионалниот стационар за бездомни кучиња

Преку овој проект се планира да се изгради модерна инфраструктура за лесен и брз пристап до прифатилиштето за бездомни животни во општина Струмица. Со проектот се предвидува изградба на пристапен пат во должина од 561 метри до прифатилиштето, а покрај патот со овој проект ќе се овозможи влезниот дел од прифатилиштето да се уреди со паркинг простор, да се уреди партерно и хортикултурно, со затревување на просторот, поставување на клупи за седење, канти за отпадоци и засадување на дрвја.

Овој проект има регионално значење бидејќи иако со прифатилиштето ќе раководи и ќе го финансира општина Струмица истото во иднина, во согласност со законските прописи, би било во функција и на соседните општини за минимален надомест по заловено куче.

Ваквиот проект ќе придонесе од една страна кон модернизирање на локалната инфраструктура во Југоисточниот регион, зголемен економски развој како и изградба на инфраструктурата во постоечките индустриски зони, а од друга страна ќе овозможи квалитетен пристап до прифатилиштето за бездомни животни во о. Струмица.

Носител на проектот

Центар за развој на Југоисточниот плански регион

Партнери

Општина Струмица
Општина Богданци
Општина Босилово
Општина Василево
Општина Валандово
Општина Гевгелија
Општина Дојран
Општина Конче
Општина Ново Село
Општина Радовиш

Времетрање

6 месеци

Вкупен буџет

6.484.022,00 денари

Финансиран од

- Биро за регионален развој - Министерство за локална самоуправа;
- Општина Струмица.

Контакт

Данче Поп-Иванова Илиева

Бул. Маршал Тито, Бр.1-1
2400 Струмица
Моб. 071/364-934
Тел. 034/340-139

E-mail:
dance.popivanova@gmail.com

Цели на проектот

- Изградба на пристапна улица до регионалното прифатилиште за бездомни животни;
- Партерно и хотикултурно уредување на влезот на регионалниот стационар за бездомни животни;
- Поставување урбана опрема и целосно оплеменување на просторот;
- Намалување на бројот на повредени лица од бездомни кучиња;
- Зголемување на интеграцијата на старите лица и децата до 14 години во општествените активности.

Резултати од проектот

- Изграден пристапен пат во должина од 561 метар до прифатилиштето „Астра-Лана“;
- Уреден паркинг простор и извршено хортикултурно и партерно уредување;
- Намален бројот на пријави во општините од каснувања од улични кучиња;
- Зголемена фрекфенција на стари лица и деца до 14 години на јавните површини и на настани;
- Пораст на бројот на посетители и туристи во регионот.

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН